# СОЦИОЛОГИЈА НА ПРАВОТО

Д-р Томислав ЧОКРЕВСКИ

## СОЦИОЛОГИЈАТА НА ПРАВОТО ВО СТРУКТУРАТА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ НАУКИ

### 1. Општата социологија, посебните социологии, правните науки и социологијата на правото

Социологијата е најопшта општествена наука која го истражува или општеството во целина или општествените појави во склопот на таа целина. Нејзиниот развиток, ширењето на социолошките истражувања во сите области на општествениот живот, доведе до појава на повеќе посебни социологии чие истражување и внимание е сконцентрирано само врз определени делови на општествената стварност. Пред сè, тоа се оние делови кои што претставуваат некакви целини во кои можат да се забележат специфични законитости и карактеристики. Како најзначајни посебни социологии се развиле: *социологијата на семејството, на религијата, на политиката (политичка социологија) на трудот (индустриска социологија), на економијата, на организациите, на комуникациите (посебно на масовните комуникации), урбаната социологија (социологија на селото и градот), на моралот, на културата, на образованието, на правото и многу други*. Може да се забележи дека за сите овие општествени појави постојат и други општествени науки како што се правните, политичките, економските, антрополошките, етнографските, етнолошките и други науки кои најчесто имаат ист предмет на проучување. Затоа се поставува прашањето што претставуваат посебните социологии во однос на соодветните посебни општествени науки? Се создава ли нерационално дуплирање или пак постои оправдување за тоа? Појавата на науките, нивниот развиток и поделба според разни критериуми е објективен процес и резултат на определени потреби да се сознае или расветли некој аспект на објективната ствар-

ност. Посебните социологии само го збогатуваат и продолжуваат научното продирање во објективната општествена стварност. Од нивното појавување анализата на посебните општествени феномени се здоби со нов пристап и нови согледувања. Социолошките аспекти на правото, политиката, економијата, населбите, семејството, моралот, религијата и слично откриваат нови димензии на овие општествени појави. Специфичноста на овие науки е социолошкиот приод, што значи набљудување и анализа на општествените појави, нивно длабинско и сестрано проучување во контекст на општите социјални карактеристики и законитости.

Односот помеѓу општата и посебните социологии ја покажува нивната многукратна зависност, поврзаност и надополнување. *Општата социологија ги утврдува општите законитости на појавите, глобалниот развиток на општеството, ги извлекува општите белези и карактеристики на појавите и на глобалното општество, генерализира, специфицира и типизира и пред сè, секогаш ја набљудува целината на општествената стварност. Посебните социологии се концентрираат врз одделни општествени појави (одделни општествени подрачја), подлабоко навлегуваат во нивното проучување, поподробно и посестрано ги утврдуваат нивните белези и карактеристики што инаку не се забележливи за пошироките истражувачки зафати на општата социологија.* Општата социологија ги користи продлабочените истражувања на посебните социологии, се служи со нивниот богат материјал, ги уочува посебните карактеристики и законитости откриени во нив и врз едно ново, збогатено и повисоко ниво, ги интегрира во општиот социолошки теоретски систем. Посебните социологии се служат со општата социологија како со своја теоретска основа од која тргнуваат во истражувањето и објаснувањето на посебните општествени појави. Со помош на општата социологија посебните општествени појави можат да се набљудуваат целовито и во нивната многукратна поврзаност со други општествени појави, може да се утврди нивното место во целокупната општествена структура. На тој начин посебните социологии вршат специјализирана задача за општата социологија. Значи општата социологија е во дијалектичка врска со посебните социологии. Нивното поврзување и надополнување создава нови повисоки степени на нивниот развиток и збогатување. На пример, општата социологија не би можела да се замисли без посебните истражувања на со-

циологијата на семејството. Исто така, тешко би се објасниле многубројни појави во современото семејство, доколку не се набљудуваат во склопот на пошироките општествено економски, историски и други услови на општеството.

Социологијата на правото е една од посебните социологии. Од појавата на социологијата на правото е присутна дилемата дали е тоа социолошка или правна наука? Дали правните науки во определени проучувања на правните феномени понекогаш имаат потреба и од социолошки согледувања и анализи или пак развитокот на социологијата, на социолошкото продлабочено истражување на разните општествени сегменти доведе и до една нова посебна социологија – социологија на правото. Социологијата на правото насекаде се третира како социолошка наука, но нејзиниот настанок и развиток тесно е поврзан со придонесот на правната наука и на правниците кои отворија голем број социолошки истражувања на правната наука. Социологијата на правото е релативно понова наука и нејзиниот развиток е поврзан со порастот на социолошките истражувања, но уште повеќе со правните емпириски истражувања на некои современи правни феномени, чие објаснување се бара во социјалното опкружување или во поширокиот социјален амбиент. Социологијата на правото е притисната помеѓу две научни области – социолошката и правната и честопати нејзиниот предмет, нејзината посебна и специфична содржина не е забележлива. На површината се или правните или општествените аспекти на појавите поврзани со правото така што вистинската суштина на социологијата на правото – да ги открива социјалните корени и аспекти на правните феномени, да ја објаснува и анализира социјалната функција на нормите, институциите и системите, останува прикриена. Социологијата на правото во однос на другите социологии потешко се пробива до својата полна зрелост. Пречките се, пред сè, во самата правна наука, но и во сложеноста на правната феноменологија и во немоќта на социологијата на правото попрецизно да го дефинира својот специфичен предмет и да ги изгради своите методи на истражување. Во правната наука е изграден еден помалку аристократски став, дека правото како посебна, sui generis, појава е доволно покриено од постоечките правни дисциплини и дека нема потреба од негово посебно социолошко проучување. Скоро сите правни дисциплини објективно зафаќаат повеќе или помалку социолошка

проблематика. Така, правната наука – јуриспруденцијата (со поимот правна наука се означува вкупното научно знаење за правото искажано и систематизирано во бројните посебни правни дисциплини), би била доволна за проучувањето на правото. Овој став е надминат и во самата правна наука сè повеќе се сфаќа значењето и специфичноста на социологијата на правото.

Суштина на правните феномени, правното битие околу кое уште од времето на античката филозофија па сè до денес се расправа како за проблем поврзан, пред сè, со општествениот живот на човекот, ја наметнаа потребата од социологијата на правото. Историјата на правната мисла, а уште повеќе правната прагматика, покажуваат дека во секоја расправа за правото е содржан социолошкиот аспект, односно поврзувањето на правните појави со потребата од регулација на заедничкото живеење на луѓето. Уште во античката филозофија Аристотел ќе ја истакне важноста на номосот како една од суштинските страни на општествениот живот, а старите Римјани ќе ги дефинираат универзалните изреки: **Ubi societas, ibi ius** (каде има општество, таму има и право) и **Ubi homo, ibi ius** (каде е човекот, таму е правото). Ова е и основната идеја на социологијата на правото – *да ја анализира правната стварност во рамките на општествениот систем и да ја прикаже како една од човековите творби, да ги открие и прикаже поврзаноста и зависноста на правото од општествените законитости, но и да го покаже значењето на правото за општествениот систем и за опстанокот на човекот*.

Во развитокот на социологијата на правото се појавија и други дилеми поврзани со нејзиното име, со нејзиниот предмет, со разграничувањето со блиските науки итн. Во некои земји и кај некои научници се појави дилемата дали оваа наука треба да се вика правна социологија или социологија на правото? Така во француската правна и социолошка мисла се употребуваат и двата називи: Социологија на правото која би требало да се занимава со проучување на правните институции во склопот на општеството (sociologie du droit) и правна социологија која се занимава со правната страна на општествените појави (sociologie juridique).[1]

1 Henri Levy-Bruhl, Sociologie du droit, Presses universitaires de France, Paris, 1961 Jean Carbonnier, Sociologie juridique, Presses universitaires de France, Paris, 1978 (цитирано во претходни текстови во српско-хрватски превод)

Некои теоретичари социологијата на правото ја врзуваат со социолозите а правната социологија со правниците. Сметам дека називот социологија на правото, инаку најчесто применуван во голем број земји, најмногу одговара на предметот на оваа наука. Називот или епитетот правна во македонскиот јазик може да има подруга смисла. На пример, може да се сфати дека правната социологија е заснована врз правни прописи – регулирана со нив, а другите социологии се неправни односно дека се спротивни на правото што е бесмислено. Ист случај е и со некои други посебни социологии, на пр. наместо социологија на религијата, религиозна социологија, социологија на селото, селска социологија итн. Социологијата на правото би требало да се занимава прво, со сè она што значи право (правила и институции) во општеството (методолошки да го посматра правото во склопот на целината на општеството) и второ, да се занимава со сите општествени појави кои се предизвикани од правото или кои предизвикуваат право.

Социологијата на правото се развива на две нивоа; општо – теоретско кое начелно ги опфаќа содржините кои се однесуваат на правото како сегмент на општествениот систем, како посебна појава но во склопот на целината на општеството и емпириското кое го опфаќа истражувањето на содржините на разните конкретни правни појави и нивното влијание на општествената средина, последиците што тие ги предизвикуваат за човекот и неговата заедница, како и истражувањето на оние конкретни општествени појави кои на некој начин се поврзани со правото. Развојот на социолошките истражувања на правото, потребата од социолошко анализирање и посматрање на правните феномени доведе до конституирање на социологијата на правото како посебна наука која постепено, на поголемиот број универзитети во светот, пред сè, на правните факултети, се воспостави како нова академска дисциплина. Академскиот статус на социологијата на правото овозможи за релативно кратко време да се развие нејзиниот теоретски и методолошки систем.

Помеѓу социологијата на правото и бројните дисциплини на правната наука постои сложена поврзаност, интеракција и меѓузависност. Тоа се науки кои се надополнуваат и кои осветлуваат исти или блиски правни и општествени проблеми. Теоретскиот дел на социологијата на правото е во блискост и во кому-

никација со општите правни дисциплини (филозофија на правото, историја на правото, теорија на државата и правото или увод во правото, споредбено право) коишто се однесуваат на правото воопшто, а посебниот дел чија суштина е емпириското истражување на појавите од позитивното право е во сооднос со сите позначајни дисциплини на позитивното (догматското) право.

Филозофијата на правото е еден од поважните теоретски извори на социологијата на правото. Односот помеѓу нив е идентичен како и односот помеѓу општата филозофија и општата социологија. Постојат разни, често екстремни сфаќања за релациите и влијанијата помеѓу овие две дисциплини: едни во името на филозофијата и на нејзините посебни гранки, ја негираат потребата од постоење на социологијата. Во филозофијата на правото постојат сфаќања дека социологијата на правото е само една насока (социологизам) која како единствен извор на правото го смета општествениот живот: други, поаѓајќи од социологијата, ја негираат потребата од филозофијата воопшто и филозофијата на правото посебно. Вистина е дека развитокот на разните науки, кои како свој првичен и матичен извор ја имаа филозофијата, доведе до значително намалување на содржините со кои таа може да се занимава. Тие ги развија емпириските истражувања, појасно го дефинираа своето подрачје на интересирање, развија свои методи на проучување и стекнаа пошироки, подлабоки и посуштински знаења за законитостите на својот предмет. Чистата филозофија и филозофијата на правото останаа врзани за спекулативниот метод кој објективно ги ограничи да бидат само интелектуални размисли за суштината на природата, на човекот, општеството, правото, правдата, индивидуалните слободи и права и слично. Меѓутоа, покрај оваа интелектуална спекулативност на филозофијата на правото (и на чистата филозофија уште повеќе) треба да се подвлече дека социологијата на правото треба да биде филозофски заснована за да се развива врз теоретско, научно ниво. Таа заснованост се состои во прифаќањето на онтолошкиот, гносеолошкиот и феноменолошкиот филозофски пристап. Тоа значи дека социологијата на правото ја истражува суштината на правните појави, битието на правото и општеството (онтолошки пристап), правната и општествената стварност, од методолошка и теоретска гледна точка се спознатливи и достапни за човековото сознание (гносеолошки пристап) и посматрањето и истражување-

то да биде не само на внатрешната суштина на правната стварност туку и на нејзината појавност (феноменолошки пристап).

Историјата на правото е една од оние науки кои се темелите на појавата и развитокот на социологијата на правото. Огромниот материјал од историјата на правото овозможува да се согледа не само хронологијата на појавата и развитокот на правото туку и да се согледаат разните правни системи во разните општествени системи. Односот помеѓу социологијата на првото и историјата на првото е сличен како што е односот помеѓу општата социологија и историја. Во досегашниот развиток историјата развила три нивоа на истражување и интерпретирање на минатото. Микроисторијата е првото ниво на историскиот зафат во минатото, што се движи по површината на настаните со кратко временско траење. Таа е едно дескриптивно ниво и нејзината најголема грижа е фактографски да ги реконструира минатите настани. Второто ниво опфаќа поголеми, подолги временски интервали во кои се поврзуваат повеќе разновидни општествени околности, прикажувајќи ги на тој начин глобалните контури на определени временски епохи. Третото ниво ја опфаќа таканаречената „структурална историја" што ги истражува општите текови на развитокот на човечкото општество во долги временски интервали.[2] Третото ниво објективно е најблиску до социологијата затоа што минатото се прикажува во неговите општи, главни текови и каде е потребно извлекување на општите и заеднички карактеристики на појавите што е основна задача на секоја социологија. Историјата на правото се занимава пред сè со приказ и реконструкција на правните акти на минатите општества, ја следи хронологијата на правото, а социологијата на правото поширoко и поопшто (потеоретски) ги следи минатите правни системи во однос на глобалните општества и нивните општествени системи.

Социологијата на правото и општата наука за правото (теорија на државата и правото, Увод во правото, порано енциклопедија на правото и сл.) имаат многу допирни точки но според предметот, методите, структурата на содржината на предметот се две различни науки. Пред сè секоја од нив припаѓа на различ-

2 Fernand Braudel, Historija i sociologija, во зборникот на G. Gurvitch, Sociologija I, Naprijed, Zagreb, 1966

ни научни области: едната на социологијата а другата на правото и секоја од нив ги носи нивните белези и карактеристики. Денес се надминати екстремните становишта кои ја негираат самостојноста на социологијата на правото или кои сметаат дека таа е замена за теоријата на правото. Социологијата и теоријата на правото се две самостојни науки кои имаат свои специфични предмети на истражување: социологијата го истражува правото како посебен ентитет во склопот на општествениот систем и општествените закони, а теоријата на правото ги истражува општите начела и законитости на правото како целина наспроти бројните правни гранки настанати како резултат на сложените општествени односи и пратечката научна специјализација. Теоријата на правото објективно е лимитирана во својот предмет и метод да се впушта во анализа на динамичките процеси на општествената функција на правото и општествените последици од него. Теоријата на правото го следи правото како затворен, логички систем и оттука нужно е постатична и правно-нормативна наука. Социологијата на правото, пак, ги следи социјалните процеси настанати од непосредното или посредното влијание на општествените односи, од превагнувањето на едни или други интереси на поединци, групи, организации, социјални слоеви и класи итн. Значи, правото се проучува или како фактор или како последица на социјалната динамика.

Социологијата на правото е во тесна комуникација со посебните правни дисциплини (уставно, управно, казнено, стопанско-комерцијално, трудово, меѓународно јавно и приватно, облигационо, граѓанско, семејно, наследно право, разните судски и управно-административни процедури) и сите други права според номенклатурата на правните студии, но и според номенклатурата на постоечкото позитивно право. Во сите овие дисциплини постојат содржини од предметот на социологијата на правото, содржини што ги надминуваат границите на парцелизацијата на правото. Всушност, природниот нормативизам кај позитивноправните науки го концентрира и заробува вниманието на стручњаците и научниците од овие дисциплини пред сè врз внатрешниот логичен и нормативен ред и систем кој што е даден и дефиниран од законодавецот. За социологијата секогаш е интересно зошто е тоа така како што е дадено, која е социјалната функција на тој нормативен систем, кои се неговите социјални корени,

неговата историска и културна традиција, кои се последиците за поединецот и општеството, итн. Исто така социологијата се интересира за актерите на правните процеси и правните функции посматрани во поширокиот општествен контекст.

## 2. Социологијата на правото и блиските општествени науки

Социологијата на правото е поврзана и со еден број на општествени науки. Фактот дека правото завлегува во сите пори на општествениот организам, дека со него се регулираат политички, економски, семејни, културни, религиозни и други секојдневни односи во општеството ја наметнува потребата од потесно поврзување и комуницирање на социологијата на правото со науките што ги проучуваат тие области. Социолошкиот приод кон правото што го сретнуваме во разните подрачја на општеството, за разлика од приодот на некоја соодветна правна наука, значи да се тргне од правото но и да се завлезе во општествениот (економски, политички културен или некој друг) амбиент што тоа (правото) го регулира или од кое е предизвикано. Затоа социологијата на правото вршејќи ја својата функција на наука која пред сè го истражува социјалното битие на правото нужно е упатена на сите општествени науки во чие подрачје тоа се појавува или предизвикува разни последици за човекот и заедницата. Социологијата на правото се потпира врз сознанијата и резултатите на разните општествени науки (економските, политичките, културолошките, психолошките, комуниколошките, историските и др.). Поврзаноста на социологијата со разните општествени науки произлегува од некои заеднички фактори, односно од општата поврзаност, сложеност и меѓусебна зависност на општествените појави што објективно се одразува и врз поврзаноста на општествените науки. Уште Огист Конт, еден од основачите на социологијата ќе ја нагласи поврзаноста и меѓузависноста на појавите, нивниот склад односно консензус. Внимателната споредбена анализа би покажала поврзаност на социологијата на правото со секоја посебна општествена наука. Тука ќе ги прикажеме основните разлики, сличности, релации на социологијата на правото со најблиските општествени науки.

Политичките науки по својот предмет се најблиски со социологијата на правото. Тие го проучуваат едно од фундамен-

талните подрачја на структурата на социјалниот систем кое најчесто се нарекува политика, политички систем, политичка сфера и сл. и кое ги опфаќа општествените појави коишто, пред сè, се однесуваат на три клучни проблеми: првиот, како и кој го организира општеството, вториот, како и кој го управува општеството и третиот, како е регулиран односот помеѓу единката и заедницата. Низ политичкиот систем, на организиран или спонтан начин, се појавуваат, вкрстосуваат или судираат различни поединечни, групни, класни, национални, религиозни, регионални и други интереси. Централната институција во секој политички систем е државата а правото е поврзано со неа, нејзините законодавни органи се главните „произведувачи" на право, секоја институција и орган на државата и пошироко на политичкиот систем ги врши своите општествени функции низ дадени (однапред определени) правни форми. Низ политиката се појавуваат различните спротивности и судири на интереси во општествената заедница. Еден значаен дел од нив се разрешуваат со правна регулација, друг низ тековниот политички живот. Постојат многубројни пунктови во содржината на предметот на политичките науки во кои е присутен социолошкиот приод или социолошката заинтересираност. На пример, државата, политичките партии, правната држава или владеење на правото, човековите права и слободи итн. Всушност, правото и политиката се испреплетени во реалниот живот на секое општество. Постојат сфаќања дека правото е инструмент на политиката, дека тоа е начин, еден од методите и техниките на реализацијата на некоја политика. Исто така не се ретки и обратните тврдења дека политиката е општествена активност преку која се реализира правото, неговите цели и замисли, дека правото е социјална програма кој се реализира со помош на политиката. (Исти парламенти донесуваат закони и ја градат политиката на една земја.) Точни се двете тврдења но сфатени заедно, не секое засебно. Тука е смислата на поврзаноста на интересот на социологијата за политичките феномени и нејзината соработка и комуникација со политичката социологија и пошироко, со политичките науки.

Тесна поврзаност, интерес и потреба за соработка и надополнување постои помеѓу социологијата на правото и економските науки, посебно оние од поопшт карактер (политичка економија, економика, економски систем, економски теории и сл.).

Економските науки ги проучуваат и објаснуваат општите и специфичните законитости во области на производството, размената, распределбата и потрошувачката на материјалните добра во општеството нужни за егзистенцијата на човекот и неговата заедница. Со други зборови, економските науки опфаќаат (исто како и политичките науки) едно фундаментално подрачје на општеството: системот на производствени односи врз кој се развива целокупната мрежа на сите други социјални односи. Основата, стабилноста и сигурноста на секој економски систем во историјата на цивилизацијата е во неговото правно регулирање. Римското право, чии правила и принципи стекнаа универзално значење (некои од нив траат до денес), се конституира како правен систем на темелите на граѓанското право кое ги нормираше семејните и имотните односи на приватните лица. Низ целата историја, сè до денес односот право-економија е клучно прашање на развитокот или стагнацијата на општеството. Колку стихијноста и спонтаноста на економските законитости може да биде ставена под контролата на правото или на владеечките структури? Колку правната регулација може да ги стимулира или да ги спречи тие законитости? Дали правото е волја на (економски) владеечката класа подигната на ниво на закон (Маркс)? Колку пазарната економија и законите кои владејат во неа е зависна, ограничена и загушена од поплавата на правни прописи со кои современите држави го регулираат и контролираат овој општествен сегмент? Сите овие и многу други прашања ја покажуваат можноста за една богата и суштинска, обострано корисна соработка и надополнување на социологијата на правото и економските науки.

Социологијата на правото со некои содржини на својот предмет е поврзана и со психологијата, посебно со социјалната психологија. Психолошките науки доживуваат постојан подем во текот на целиот 20 век и нивното влијание е забележливо скоро во сите општествени науки, посебно во социологијата во која се разви и посебна школа со повеќе варијанти (индивидуално-психолошка, колективно-психолошка и социјално-психолошка). Психологизмот во социологијата на преден план ја истакнува улогата на индивидуалниот или колективниот психички фактор за објаснувањето на општествените појави. Присутноста на психолошкиот фактор во социолошките теории е резултат на повеќе фактори од кои три имаат понагласено значење. Првиот фактор

е брзиот и силен развиток на психологијата особено во современото општество. Таа го сврте вниманието на науката и на јавноста, откривајќи го внатрешниот свет на човекот. Вториот фактор е развитокот на голем број разновидни методолошки постапки, што психологијата ги применува во истражувањето на својот предмет, а коишто станаа атрактивни и во голема мерка прифатливи и за социолошките науки. И третиот фактор е самиот степен на развитокот на социолошките науки кој бара вклучување на индивидуалниот психолошки фактор во анализата на општеството и човекот. Социолошките науки, се разбира и социологијата на правото имаат свое влијание врз психологијата. Во самата психологија стана јасно дека индивидуалните психолошки особини на човекот не можат да се разберат докрај само како биолошки карактеристики, туку дека е многу битно влијанието на социјалниот фактор. Во оваа смисла социологијата ѝ помага на психологијата да ја избегне опасноста да ја дефинира човековата психа како заеднички именител за човекот воопшто, укажувајќи дека психичките особености и поведенија на луѓето се создаваат во определени социјални услови, во определени цивилизации.[3] Постојат неколку понагласени содржини каде социологијата на правото може да се вкрсти со психолошката наука: судската психологија, психологијата на криминалното поведение, на затворениците и сл.

Од поблиските општествени науки со кои социологијата на правото има соработка и комуникација се етнографијата, етнологијата и социјалната (културната) антропологија. Етнографијата ги истражува културните феномени, пред сè, на примитивните општества. Таа по пат на монографско собирање и класифицирање ги опишува податоците за културата на старите општества. Етнологијата претставува синтеза на собраниот етно материјал, негово теоретско обработување. Антропологијата настојува во своето истражување целосно да го опфати човекот со сите негови природни и социјални карактеристики. Меѓутоа, досегашниот развиток на антропологијата се ограничува, пред сè, на помали општества, врз кои другите општествени науки не обрнувале внимание. Социологијата на правото се интересира за

3 Roger Bastide, Sociologija i psihologija, во цитираниот зборник на G. Gurvitch, str. 91.

оние резултати на истражувањето на овие науки кои го објаснуваат раѓањето на првите општествени норми, појавата на правото во старите општества, за односот помеѓу митологијата и правото, за влијанието на религијата во конституирањето на првите правни системи итн.

Социологијата на правото има допирни теми и можности за потесна соработка и со многу други општествени науки. Така во областа на комуниколошките и информациските науки од посебно значење се подрачјата каде правото регулира права, односи и статусни положби на единки и институции. Исто така, интересна релација постои помеѓу социологијата на правото и лингвистичките науки, посебно социолингвистиката. Во правото се применува посебен, специфичен јазик кој има своја симболичка функција. Интересна релација постои помеѓу социологијата на правото и теоријата на системите (правото како систем), теоријата за организацијата или социологијата на организацијата (правото како општествено организирање) итн.

***Dr. Tomislav Cokreski***

## *The Place of the Sociology of Law within the Structure of the Social Sciences*

*Summary*

*The main purpose of the article is determination of the object of the sociology of law, its place within the structure of the social sciences and the relations with other social sciences, especially the sociological and legal ones.*

*The essence of the legal phenomena, which has been treated as an issue related to men's social life since the antic, imposed the need for sociology of law. Not only the history of legal thought, but legal practice even more, demonstrate that each analysis of law contains a sociological aspect, i.e. the connection between legal phenomena and the need of regulation of human life in a community. Aristotle pointed out the significance of nomos as one of the principal features of social*

*life, while the ancient Romans maintained that Ubi societas ibi jus (wherever there is society, there is law) and Ubi homo, ibu jus (wherever the man is, the law is as well). The basic function of the sociology of law is to analyze the legal reality within the framework of the social system, to depict this reality as a human creation, to reveal and describe the relationship between the law and social regularities and to emphasize the significance of the law for the social system and men's survival.*

*Defined in this way, the sociology of law is being considered as one of the separate sociological disciplines, the relationships with the latter being close and complex. However, the sociology of law is closely related with the other legal disciplines; according its object, methods and functions, it is not a replacement for or a duplication of any other legal discipline but on the contrary, an extension and supplement to the study of the legal reality.*